# СВЕТСКИ ДЕН НА КРВОДАРИТЕЛИТЕ

## 14 Јуни

### „Една капка хуманост. Дари крв. Спаси животи.“




Секоја година на 14 јуни, светот се обединува да го одбележи **Светскиот ден на крводарителите**, глобална почит кон милионите доброволни дарители, чија великодушност, секојдневно спасуваат безброј човечки животи.

Овогодинешната кампања, **„Една капка хуманост. Дари крв. Спаси животи.“**, ја поставува хуманоста во срцето на секое крводарување. Таа потсетува дека секое дарување е повеќе од медицински акт: тоа е моќен израз на солидарност, сочувство и колективна одговорност. Инспирирана од идејата дека целата човечност може да се одрази во една капка, кампањата го истакнува тоа како секој дарител помага да се создаде животна линија која нè поврзува и нè штити сите.

Крводарителскиот придонес е суштински за здравствените системи насекаде низ светот, поддржувајќи пациенти за време на итни состојби (интервенции), породувања, операции, лекување на карцином и доживотна грижа за многу сериозни состојби.

Според Светската здравствена организација, целите на овогодинешната кампања се:

- осигурување на одржлив раст на редовното, доброволно и неплатено дарување на крв ширум светот;

- подигање на свеста за животоспасувачкото влијание на дарувањето крв и плазма;

- истакнување на виталниот придонес на дарителите на крв и промовирање на вредностите на солидарност и хуманост; и

- охрабрување на владите и партнерите да ги зајакнат и да инвестираат во националните програми за крводаителство, за да се постигне универзален пристап до безбедни трансфузии на крв.

**Заедно, можеме да помогнеме да се обезбеди здрава крв која ќе биде достапна за сите, насекаде, секогаш кога е најпотребна.**

Крводарителството има нагласено општествено значење и претставува дејност од општ интерес за Република Македонија. Без потребните количества на крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа и квалитетна здравствена заштита.

Во Република Северна Македонија крводарителството е доброволно и се спроведува преку крводарителски акции кои се организирани од Црвениот крст на Република Македонија, а со помош на стручни тимови од Институтот за трансфузиона медицина - Скопје.

Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции. Министерството за здравство утврдува потреби на државата од единици на крв, крвни продукти и резерви, во соработка со Институтот за трансфузиона медицина и врши надзор над учесниците во спроведувањето на Програмата и утврдува систем на квалитет.

Крвоидарител може да биде секое лице на возраст од 18 до 65 години, што има најмалку 50 килограми и е во генерално добра здравствена состојба. Дарувањето крв е доброволно и без финансиски надомест.

Дарувањето крв,  има и здравствени придобивки за самите крводарители. Редовното дарување крв, може да го подобри општото здравје и да го намали ризикот од одредени заболувања.

Секој човек има одредена крвна група без разлика на полот. Таа се одредува со пар гени, по еден ген наследен од секој родител. Секоја крвна група се идентификува со сопствен сет на молекули (наречени антигени) кои се наоѓаат на површината на црвените крвни зрнца.




0 – крвта, наречена и „универзален дарител“, е можеби највредната крв во светот бидејќи може да се трансфузира на речиси секоја крвна група (освен кога лицето има некој редок антиген надвор од главните).



Во периодот од 19-25 јануари 2026 година, Црвениот крст на Република Северна Македонија, организира крводарителски акции во повеќе градови, Битола, Охрид, Гостивар, Скопје, Пробиштиш, Радовиш и Крушево.

На ден 17.02.2026 година, во просториите на ЈЗУ - Институтот за јавно здравје – Скопје, во соработка со Министерство за здравство на РСМ и тим од Институтот за трансфуциона медицина – Скопје, се реализираше крводарителска акција, со цел да се помогне на пациентите на кои крвта им е неопходна и да се поттикнат солидарноста и заедништвото.






Вработените лиц од двете институции (Министерство за здравство и Институтот за јавно здравје – Скопје), доброболно се вклучија во акцијата и притоа продонесоа за спасување на човечки животи, и истите сметаат дека „Едно добро дело може да промени нечиј свет.“

Со овој симболичен, но исклучително важен чин, уште еднаш ја потврдивме хуманоста и подготвеноста да бидеме поддршка на здравствениот систем и на сите на кои им е потребна помош.

**Да бидеме дел од промената што носи надеж**, стои во објавата на фб страната на Институтот.

Човечката крв не познава национални, верски, етнички, полови, религиозни и други поделби за дарителите на оваа „скапоцена течност“. Токму затоа, да бидеме дел од овогодинешната кампања на Светската здравствена организација, **„Една капка хуманост. Дари крв. Спаси животи.“** и со нашата капка хуманост, да подариме некому нова шанса за живот.

ЈЗУ – Институтот за јавно здравје упатува јавен апел до сите граѓани, **„не чекајте да бидете повикани, бидете хумани и самосвесни за важноста на вашата подарена крв.“**

Извори:

World Blood Donor Day 2026: One Drop of Humanity. Give Blood. Save Lives.

П Р ОГ Р А М А ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА(усогласен текст)

Светски ден на крводарителството - македонските граѓани се хумани, даруваат крв и спасуваат животи - Независен Весник

world blood donor day 2026 - Search Images

Крводарителски акции - | Црвен Крст на Република Северна Македонија

https://www.facebook.com/share/18jBUpESUj/

Крвни групи-која е најретка, а која е најдобра за луѓето - Panacea.mk

крвни групи - Search Images